РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-509/2

10-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција доставена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2734 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2734/1 од 16.05.2019 година, доставена од подносителот ---------- -. ------------ од ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2734 од 2019 година.

Предметот со број 12-2734 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2734/1 од 16.05.2019 година е оформен врз основа на пријава која е доставена до ДКСК од познат подносител - ---------- -. ------------ од ---------. Во добиената пријава изнесени се наводи за незаконитости во постапки за вработувања на лица во Секторот за градежништво при Општина ----------- и се бара проверка на вработувањата во наведениот Сектор поради сомневања дека во последниот период се вработувале лица кои биле само партиски членови на ----- - ------- и луѓе кои ќе работат под контрола на градоначалникот на Општината.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Општина --------, за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи. По барањето на Државната комисија доставено е известување со бараните податоци и информации, со прилог документација а по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај станува збор за наводи за незаконитости во постапки за вработувања на лица во Секторот за градежништво при Општина --------- и за сомневања дека во последниот период се вработувале лица кои биле само партиски членови на ------- -------- и луѓе кои ќе работат под контрола на градоначалникот на Општината, ------ -----------. Со доставената пријава се бара, ДКСК да ги провери

предметните вработувања во Општина ---------- во однос на тоа дали биле запазени сите правни мерки и дали биле објавени огласи за вработување, како и за тоа на кој начин била вршена селекцијата за вработување. Кон пријавата доставено е дополнување со број 12-2734/2 од 08.10.2019 година со наводи против Градоначалникот на Општина ---------- и други службени лица од Општината за непостапување по предмет во кој било донесено Решение за отстранување на градба издадено од 12.06.2012 година.

-На ден 12.06.2020 година доставено е барање до Општина ----------, за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи, а со кое се побарани информации за постапките за вработувања во Секторот за градежништво при Општината реализирани во последните четири години и информација за сегашната состојба по предметот во кој било донесено предметното Решение за отстранување на градба кое било издадено од 12.06.2012 година.

-На ден 23.07.2020 година во ДКСК добиен е одговор од Општина ----------, со кој се известува дека:

1)по однос на прашањето за доставување на податоци и информации за сите постапки за вработување во секторот за градежништво реализирани во последните четири години и начинот на нивната реализација, се известува дека општина ---------- во последните четири години немала објавено Оглас за вработување во администрација на општина ---------- аналогно на тоа немало нови вработувања, а што можело да се провери во Агенцијата за администрација која за сите државни и локални институции ги објавува огласите по доставено барање од институциите;

2)по однос на прашањето за сегашната состојба односно, фазата во која се наоѓала постапката по предметот во кој од страна на овластениот градежен инспектор во општина ---------- било донесено решение за отстранување на градба, се известува дека бил направен увид во документацијата на предметот и било констатирано дека овластениот градежен инспектор во општината на ден 12.06.2012 година, донел Решение за отстранување на градба заведено под арх.бр.----------, со кое се наредува на инвеститорот --------- ---------- ------------------ од н.м --------- општина ----------, по приемот на ова решение да ја отстрани градбата "Дворна ограда " во рок од 10 дена од приемот на решението согласно чл.135 од Закон за градење. Со оглед на тоа што инвеститорот не постапил по Решението, градежниот инспектор на ден 18.10.2012 година донел Заклучок за дозвола за извршување заведен под бр.-------- со кој СЕ УТВРДУВА дека погоре наведеното решение станало извршно и се дозволува негово административно извршување, а со што се наложило на извршеникот --------- --------- --------- н.м.--------- во рок од 5 дена по приемот на овој заклучок сам да ја отстрани градбата која била изградена на државно земјиште а во спротивно се допуштало присилно административно извршување. Со ова постапката од страна на општинскиот инспектор била завршена.

- ДКСК, со барање испратено по електронски пат на официјалната електронска адреса на Општина ----------, побара дополнителни податоци од Општината по што на ден 29.12.2020 година од страна на Општината се известува дека предметот бил предаден на раководителот на одделението за инспекциски надзор во општина ----------, со оглед на тоа што дополнителните информации се однесувале за работењето на одделението за инспекциски надзор и службите - конкретно постапувањето на овластениот градежен инспектор по предмет бр.--------------- од 12.06.2012 година. На ден 02.02.2021 година во ДКСК добиен е одговор, со прилог документација, од раководителот на одделението за

инспекциски надзор во општина ----------, со кој се известува дека од страна на Комисијата за вршење надзор над градби од втора категорија на територијата на Општината, која била формирана со решение од 24.09.2020 година од страна на Градоначалникот, на ден 25.01.2021 година бил извршен увид на терен на ------------- во н.м ---------- кај инвеститорот ----------- ------------- во поглед на проверка дали наведената градба била отстранета во законски предвидениот рок и дали истата била отстранета од страна на наведеното лице - инвеститорот за што бил составен записник од извршен увид на лице место. Во Записникот било констатирано дека на лице место од страна на лицето ------------ -----------, на катастарската парцела во негова сопственост имало жичана ограда изградена пред околу 20 години во должина од 20 метри и висина од 1,5 метри и дека дел од подигнатата жичана ограда била подигната на определено растојание, исто така од увидот на лице место било констатирано и дека имало бетонска ограда која била подигната на растојание од 3,70-3,90 метри, како и дека бил изведен пристапен пат кој се наоѓа на катастарска парцела со запишано земјиште под инфраструктурни објекти во сопственост на РСМ видно од имотен лист -------- со променлива широчина во должина од 150 метри и широчина од 3,00 метри каде што најмалиот профил на патот бил со широчина од 3,00 метри а најголемиот е со широчина 3,90 метри. Поради тоа што се работело за земјиште на катастарски парцели, кое било во приватна сопственост, општина ---------- немала надлежност да врши мерење и уредување на границите на катастарските парцели кои пак биле утврдени од страна на Агенцијата за катастар за недвижности и исто така за заштита на правото на сопственост за решавање на имотно правните работи бил надлежен судот. На крајот од дописот, се известува дека Општина ---------- нема надлежност да решава имотно правни работи помеѓу физички и правни лица и обезбедувањето на заеднички пристап преку земјиште, согласно важечката законска регулатива се врши со склучување на договор помеѓу сопствениците на земјиштето. Сукцесивно и носење на праведно решение кое нема да ги наруши законските права на секој од сопствениците поединечно да си го заштити својот имот согласно законот за сопственост и други стварни права.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај не се потврдуваат предметните наводи по однос на незаконитости во постапки за вработување на лица во Секторот за градежништво при Општина ---------- *односно,* во последните четири години оваа Општина немала објавено оглас за вработување во администрација на општината а аналогно на тоа немала нови вработувања. Исто така, констатирано е дека не се потврдуваат и наводите, против Градоначалникот и други службени лица од Општината, за непостапување по предмет во кој било донесено Решение за отстранување на градба од 2012 година *односно,* во предметниот случај било постапено од страна на надлежен орган - овластен градежен инспектор при Општината и бил донесен Заклучок за дозвола за извршување со кој се утврдува дека предметното решение е извршно и се дозволува негово административно извршување, по што постапката пред овој надлежен орган била завршена. Воедно, на ден 25.01.2021 година од страна на одделението за инспекциски надзор при Општината бил извршен увид на терен за што бил составен записник од извршен увид на лице место, а поради тоа што се работело за земјиште на катастарски парцели кое било во приватна сопственост општина ---------- констатирала дека нема надлежност да врши мерење и уредување на границите на катастарските парцели кои пак биле утврдени од страна на Агенцијата за катастар за недвижности и исто така за заштита на правото на

сопственост за решавање на имотно правните работи бил надлежен судот *односно*, дека Општината нема надлежност да решава имотно правни работи помеѓу физички и правни лица и обезбедувањето на заеднички пристап преку земјиште, согласно важечката законска регулатива се врши со склучување на договор помеѓу сопствениците на земјиштето, сукцесивно и носење на праведно решение кое нема да ги наруши законските права на секој од сопствениците поединечно да си го заштити својот имот согласно законот за сопственост и други стварни права. Со оглед на констатираното, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И., претседател на ДКСК